# ОТПОЧНА РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА РАБОТНИТЕ СРЕДБИ НА НАЈВИСОКОТО РАКОВОДСТВО, СО ЧЛЕНСТВОТО НА СОНК

## ИНФОРМАЦИЈА И КОМУНИКАЦИЈА НА СИТЕ НИВОА НА ОРГАНИЗИРАЊЕ, ПРЕДУСЛОВ ЗА ЕДИНСТВЕНА И СИЛНА ОРГАНИЗАЦИЈА

Врз основа на програмските определби на нашиот синдикат усвоени на последниот VI – ти Конгрес на СОНК и воочената потреба за едукација на членството, по иницијатива на највисокото раководство на СОНК (Претседателот, Јаким Неделков и Генералниот секретар, Весна Неделковска) од половината на месец јуни се отпочна со реализирање и одржување на непосредни средби со членови на СОНК. Со оваа иницијатива потребно е да се подигне нивото на синдикална едукација, како и непосредното взаемно информирање помеѓу раководството и членовите.

Претходно за оваа иницијатива до членовите на СОНК беше проследена преку регионалните одбори и претседателите на синдикалните организации од својот регион, со што се даде можност секој од нашите членови кој е заинтересиран непосредно да исконтактира со највисокото раководство и истата намера да ја најави на Претседателот на Регионалниот одбор.

Потребата за непосредна комуникација со раководството е исклучиво врзано со надлежностите на нашиот Синдикат, според Статутот и Програмата, како и Законот за работни односи, во делот за синдикатите. Тоа значи дека секој наш член што има потреба или желба за таков контакт може да информира за одреден проблем од делот на работните односи и за да побара подршка за надминување на истиот, но и можност да даде предлог

за начинот за решавање на одредени проблеми со кои се среќаваат нашите членови на ниво на дејности, вклучително и свои согледувања за начинот на функционирање вкупно на СОНК на сите нивоа и сугестии за подобрување на вкупното функционирање и активности на СОНК.

Првите работни средби се одржаа во Регионалниот одбор на СОНК – Делчево и Регионалниот одбор на СОНК – Кочани на 16 и 17 -06-2017 година, на која присуствуваа преставници од сите синдикални организации (од некои синдикални организации и повеќемина-зависно од потребите) на СОНК од дејностите : детска заштита, основно и средно образование, како и од културата. Беа отворени повеќе прашања , индивидуални, групни и проблеми на ниво на синдикални организации, како и прашања кои се суштински на ниво на дејност, анализи и предлози за подобро и поефикасно функционирање на нашиот Синдикат на сите нивоа на организирање.

Општа констатација е дека работните  средби со членовите на СОНК во овие два Регионални одбори  предизвикаа голем интерес , што се темели врз основа на фактот дека беа присатни поголем број на членови од скоро сите синдикални организации. Исто така, присатните на работните средби искажаа нескриено задоволство од можноста за воспоставување на ваква непосредна комуникација со раководството на СОНК и барање за почести вакви или слични работни средби во наредниот период.

Работните  средби со членовите на СОНК  и во другите региони продолжуваат  понатаму,  на датуми кои взаемно ќе се договорат со претседателите на регионалните одбори и раководството на СОНК, и тоа по желба на нашите членови, во смисла на работни или денови од викенд.

Следните работни средби се со членовите на СОНК од регионалните одбори на Прилеп и Битола со договорени  датуми на одржување и тоа на 22-06- 2017 во Прилеп и 23-06-2017

година во Битола.

---

# С О О П Ш Т Е Н И Е

## СОВЕТОТ НА СОНК РАСПРАВАЊЕ ПО ПРЕДЛОГ – СПОГОДБАТА ПОСТИГНАТА ВО ПРЕГОВОРИТЕ

Советот на Самостојниот синдикат за образование, наука и култура на Р.Македонија ( СОНК ),на вонредна седница, одржана во попладневните часови на 3-02-2015г , на која присуствуваа и Министерот за образование и наука, г-динот Абдилаќим Адеми, Министерот за труд и социјална политика, г-динот Диме Спасов и заменик Министерот за образование и наука , г-динот Спиро Ристовски, расправаше по Предлог – Спогодбата постигната во преговорите водени интензивно последните денови помеѓу највисокото раководство на СОНК и ресорните министри со најблиските соработници.
По подолга, расправа Советот оцени дека постигнатиот договор, помеѓу СОНК и ресорните министерства по Барањата , кои беа причина за Генералниот штрајк, преставуваат прифатлив компромис и врз основа на тоа , Советот донесе Одлука Генералниот штрајк да биде прекинат во сите основни и средни училишта , како и во градинките. Тоа значи на 4-02-2015 година, редовно ќе се извршуваат работните обврски, согласно наставниот план и програма и работното време, согласно одлуките на секоја установа.




---

# ЈАНУАРСКИТЕ ПЛАТИ ВО ОБРАЗОВАНИЕТО ПОВИСОКИ ЗА 10%

Министерството за образование и наука – МОН на денешната работна средба со претставници на Самостојниот синдикат за образование, наука и култура на Република Македонија – СОНК, излегоа со предлог за зголемување на платите на вработените во основното, средното и високото образование за 10%, отпочнувајќи од јануарската плата 2020 година. Всушност, тоа беше и барањето на СОНК, зголемувањето на платите во образованието да отпочне со јануарската плата, што по долги и тешки преговори и под притисок за организирање на Генерален штрајк, МОН го прифати ова барање. Со 10-те проценти се доби приближно процентот којшто го бараше СОНК за зголемување на платите во однос на минималната плата на национално ниво, што изнесува околу 25%, а со ова последно зголемување од 10% платите во образованието кумулативно се зголемени околу 22%.

На оваа работна средба договорено е во наредниот период да се

отпочнат конструктивни преговори во врска со исплата на регрес за годишен одмор, исплата на реални трошоци за превоз, исплата на прекувремени часови од работа, реална исплата на работа во паралелки со комбинирана настава и други прашања коишто ќе се регулираат со измени и дополнувања на колективни договори за основно и средно образование. Исто така, договорено е што поскоро да се сретнат работните групи на МОН и СОНК за усогласување на Колективниот договор за високо образование и наука, којшто во работна верзија е изработен од страна на СОНК.

---

# И ОВАА ГОДИНА СИНДИКАЛНИОТ ФОНД НА СОНК СО НОВИТЕТИ ЗА СВОИТЕ ЧЛЕНОВИ

**УСВОЕН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ НА СИНДИКАЛНИОТ ФОНД НА СОНК**

Согласно Статутот на СОНК, на ден 27.05.2021 година, беше одржана седница на Надзорниот одбор на Синдикалниот фонд на СОНК. На оваа седница беше разгледан Извештајот за финансиското работење на Синдикалниот фонд на СОНК за 2020 година, врз основа на документацијата изготвена од независно сметководствено биро.

Од членовите на Надзорниот одбор беше констатирано дека Синдикалниот фонд работи со позитивни финансиски резултати, а сите пристигнати  документи се навремено реализирани, по сите основи.

Исто така, беше одржана  седница на Управниот одбор, но и на Собранието на Синдикалниот фонд на СОНК, на која беше усвоен

Извештајот за финансиското работење на Синдикалниот фонд на СОНК за 2020 година. На седницата беа отворени повеќе прашања во врска со можностите за воведување на евентуални нови поволности, зголемување на основиците на веќе постоечки основи, како и финансиските можности на Фондот за овие новитети, се со цел да се излезе во пресрет на потребите на членовите за користење на поголеми права од Синдикалниот фонд на СОНК.

Собранието на Синдикалниот фонд, кој го сочинуваат по еден претставник од регионалните одбори на СОНК, ги разгледа сите предлози и мислења и ги усвои следниве новитети:

- На предлог на Собранието, Управниот одбор на Синдикалниот фонд донесе одлука да се зголеми висината на Синдикалниот кредит, кој претставува единствен основ каде средствата се повратни, од 18.000 на 20.000 денари.
- Собранието едногласно го усвои предлогот за зголемување на основицата по основ материјална штета односно при пожар или поплава во домот на живеење кога корисникот на Фондот има претрпено потешка материјална штета. Основицата се зголемува во зависност од бројот на просечните плати, а корисникот има право на еднократна парична помош во зависност од висината на штетата.
- Од членовите на Собранието на Синдикалниот фонд на СОНК едногласно беше усвоен предлогот за воведување на новина по други основи односно право на парична помош по основ на пензионирање. Со воведување на овој предлог, корисникот на Фондот има право на парична помош во износ од 50% од утврдената основица.

На крајот од седницата, од страна на Собранието беше констатирано дека Синдикалниот фонд на СОНК е од огромно значење за неговите членови. Членовите на Фондот, освен што имаат потреба од него, тие се и презадоволни со неговото функционирање и излегување во пресрет на сите оние на кои им е потребен.

Истиот ден, се одржа и седница на Надзорниот одбор на Советот на СОНК, на која беше изготвен Финансискиот извештај за работењето на Советот за 2020 година, а кој дополнително ќе биде предмет на разгледување и усвојување на некоја наредна седница.

---

# СОНК НА СИТЕ ПРОСВЕТНИ РАБОТНИЦИ ИМ ГО ЧЕСТИТА 5 ОКТОМВРИ – СВЕТСКИОТ ДЕН НА УЧИТЕЛИТЕ

Светскиот ден на учителите ширум светот се прославува секоја година на 5-ти Октомври.
Негова цел е да ја уважи работата на учителите и истата да ја прикаже како една од најважните за севкупниот развој на општеството.
Со одбележување на Светскиот ден на учителите, им се заблагодаруваме на сите учители што преку нивната работа даваат придонес во развивање и унапредување на општеството, а со тоа и создавање на подобро утре.

---

# УСВОЕН ФИНАНСИСКИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА СОНК ЗА 2023 ГОДИНА

Советот на СОНК едногласно го усвои Финансискиот извештај по предлог на Надзорниот одбор на СОНК

На ден 21.03.2024 година, Надзорните одбори на Советот на СОНК и Синдикалниот фонд го разгледаа финансиското работење на Советот и Фондот во 2023 година. Двата Надзорни одбори констатираа дека во изминатата година финансирањето на Синдикатот е стабилно и уплатата на синдикална членарина е во континуиран пораст, што е резултат на континуираното зголемување на платите во дејностите што ги застапува СОНК. Исто така, Надзорните одбори констатираа дека се намалени режиските и другите трошоци за непречено функционирање на организацијата, додека пак, неповратните средства за помош на своите членови, кои ги доделува Синдикалниот фонд, се зголемени во однос на минатата година. Севкупна оценка е дека Советот на СОНК и Синдикалниот фонд работат домаќински, средствата се трошат наменски, се води уредна книговодствена документација и двете сметки се во одлична состојба.





Управниот одбор на Синдикалниот фонд предложи, а Собранието на Фондот го прифати зголемувањето на основицата на Синдикалниот фонд, која ќе изнесува 10.000,00 денари. Тоа би значело дека износот на сите **неповратни помошти (за новороденче, за подолготрајно боледување, за повреди на работно место, за**

**пензионирање, за материјална штета од пожар и поплава, за школување на студенти надвор од место на живеење, за трајна неспособност за работа и за смрт)**, во наредниот период ќе се зголеми за 25%.



Собранието на Синдикалниот фонд го прифати предлогот на Управниот одбор, во наредниот период, синдикалниот **бескаматен кредит** да се зголеми од 22.000,00 на 25.000,00 денари, кој ќе се враќа на максимални 10 месечни рати.



Освен овие финансиски зголемувања на веќе постоечки основи, за помош на членовите на Синдикалниот фонд беа предложени и прифатени уште два нови основи за неповратна помош, и тоа:

- материјална помош за родител, член на Синдикалниот фонд, чие дете тргнува во **прво одделение**. Оваа помош ќе биде во примена од новата учебна година 2024/2025, а ќе изнесува 50% од основицата.
- материјална помош на член на Синдикалниот фонд за **склучување на брак**, која ќе изнесува 100% од основицата.

Со оглед на тоа што Синдикалниот фонд одлично функционира и има доволно средства да ги сервисира барањата на своите

членови, Собранието на Фондот се заложи и во наредниот период да воведе нови помошти, за што апелира до сите синдикални организации, кои не се членки на Фондот, да се зачленат и да ги уживаат привилегиите од своето членување.



По завршување на работата на Надзорните одбори, Советот на СОНК на својата 27-ма редовна седница, одржана на 22.03.2024 година, едногласно го усвои Финансискиот извештај за работењето на СОНК во 2023 година.

---

# Директорот на Европската конфедерација на синдикатите за образование (ETUCE) во дводневна посета на СОНК

На покана на Самостојниот синдикат за образование, наука и култура на Р.Македонија – СОНК , на 1ви и 2ри март оваа година, во работна посета пристигна Директорот на Европската конфедерација на синдикатите за образование (ETUCE) госпоѓа Сузан Флокен.

СОНК е полноправна редовна членка на ETUCE повеќе од 2 децении, организација во која што членуваат над 11 милиони

членови здружени во повеќе од 150 репрезентативни синдикати од над 50 европски држави.

Во своите редовни активности нашиот синдикат континуирано испраќаше информации во оваа многу важна меѓународна организација од областа на синдикатите за образование со што ја информираше за актуелните состојби во однос на социјалниот дијалог и партнерство помеѓу релевантните социјални партнери, односно МОН и СОНК, како и значењето и почитувањето на репрезентативноста на синдикатите во однос на неговата улога во креирање на образовната политика и реформирањето на образовниот процес во Р.Македонија. Во таа смисла, СОНК укажуваше на незадоволителниот партнерски однос со МОН во рамките на законите и меѓународните конвенции кои ја третираат оваа проблематика.

Во својата посета г-ѓа Флокен оствари работна средба со Министерот за образование и наука,  г-ѓа Рената Дескоска со која што разговараа за прашања поврзани со образованието во Р.Македонија како и за улогата на СОНК како репрезентативен социјален партнер во градењето на образовните реформи, законските измени, условите за работа на просветните работници како и социјалниот статус на вработените во образованието. Во своето обраќање, г-ѓа Флокен подвлече дека цврсто стои зад активностите на СОНК и има полна подршка од Европската конфедерација на синдикатите за образование со што му даде големо признание на нашиот синдикат пред надлежните од МОН и исто така истакна  дека се ќе стори во рамките на нејзините надлежности да придонесе за подобрување на партнерскиот однос помеѓу  двете институции и взаемно почитување од страна на истите.



Во понатамошните активности на високиот синдикален претставник од ETUCE беа остварени и работни средби со дел од раководството на СОНК, членови на Советот, на кои што подетално се запозна со организациската поставеност на нашиот синдикат, нејзиното функционирање и изворно за проблемите во Регионалните одбори согласно нивните надлежности.

---

# Честитка по повод почетокот на новата учебна 2016/2017 година

**СОНК , на вработените во училиштата, на учениците и нивните родители, им посакува**

## среќна и успешна нова учебна година

По повод почетокот на новата учебна 2016/2017 година, Самостојниот синдикат за образование, наука и култура на Република Македонија – СОНК , на вработените во основните и средните училишта, ширум целата наша држава, на учениците и нивните родители, им посакува среќна и успешна нова учебна година, со надеж дека наставниците ќе бидат среќни што ќе имаат можност повторно да ги пренесат своите знаења на следбениците, а учениците ќе бидат задоволни со стекнувањето на новите знаења, вештини и навики.
И во оваа прилика СОНК сака да потсети дека образованието е темел на секоја заедница почнувајќи од поединецот, семејството, па се до планетарно ниво и во таа смисла го изразуваме нашето цврсто убедување дека, најсигурна инвестиција за иднината претставува токму образованието. Со такво убедување, СОНК долги години заедно со надлежните во нашата држава, прави максимални напори за подигнување на статусот на образованието по сите основи, а од синдикален аспект посебно на статусот на вработените на во оваа исклучително важна област за секое општество.

---

# Реакција на Синдикатот за образование, наука и култура на Република Македонија – СОНК, во врска со информацијата дека ,,ќе се вработуваат наставници и

# професори на неопределено време”

Владината Одлука за трансформација на работни договори на вработените во образованието, како и насловите на дел од пишаните и електронски медиуми, СОНК ги прифати со голема зачуденост од повеќе причини:

1. Изненадува фактот што во јавноста се пласира информација дека трансформација на работни договори од определено на неопределено време е возможно согласно Законот за работни односи (ЗРО) исклучиво само после 5 години работен стаж. Ова воопшто не е точно, затоа што по иницијатива на СОНК во 2011 година дополнет е ЗРО во овој дел на работни договори и возможна е трансформација после 2 години работен стаж.

2. По иницијатива на СОНК, а со Спогодба помеѓу СОНК, МОН, МТСП и Министерството за култура, уште од 2008 година се формирани Комисии за трансформација на работни договори и до март 2017 година се трансформирани над 9000 работни места во образованието.

3. Непобитен е фактот дека со промена на централната и локалните власти, споменатите комисии за трансформација практично и не функционираат, со што се нарушува континуитетот на трансформации на работни договори после 2 години работен стаж.

СОНК особено реагира на многу ,,силните” наслови во медиумите за Одлуката на Владата на РМ, од причини што се создава впечаток и јавно мислење дека во дејноста образование најголемиот дел од вработените се вработени на определено време, што апсолутно не е вистина.
Исто така, СОНК многу одговорно пристапуваше кон трансформација на работни договори од аспект на создавање на евентуален технолошки вишок, што согласно сегашната

информација, искрено стравуваме за неконтролирано трансформирање на работни договори, односно секое вработување да биде на неопределено време, што не оди во прилог ниту на Министерството за образование, локалните самоуправи како и на нашиот синдикат, доколку имаме производство на технолошки вишоци.
Заради сето ова претходно кажано, СОНК смета дека е непринципиелно и некоректно да се занемари досегашниот принцип на взаемно работење со социјалните партнери (локална самоуправа и МОН) и еднострано да се излегува во јавноста дека МОН со Одлука на Владата на РМ ќе го решава проблемот за трансформација на работни договори од определено на неопределено работно време, што само по себе укажува на не почитување на партнерскиот однос помеѓу двата релевантни социјални партнери. Со самото тоа еднострано се прекршува Спогодбата помеѓу МОН и СОНК од 2008 година.

---

# СОНК Е ПОДГОТВЕН СО РЕКТОРИТЕ ВЕДНАШ ДА ПОТПИШЕ КОЛЕКТИВНИ ДОГОВОРИ НА НИВО НА РАБОТОДАВЕЦ

**ОДРЖАНА ПРЕС-КОНФЕРЕНЦИЈА НА СОНК**

На 22-01-2020 година во просториите на СОНК, претседателот на СОНК, г-дин Јаким Неделков, во присуство на дел од претседателите на синдикални организации на СОНК од високото образование, пред новинарите одржа прес-конференција, на која што беше презентирана реакцијата на СОНК, по однос на

иницијативата од страна на дел од ректорите за формирање на синдикални организации на ниво на установа од високото образование и се потпишат колективни договори, со образложение дека овој чекор е потребен за да можат да се зголемат платите за вработените во високото образование.

На прес-конференцијата претседателот Неделков најостро ја осуди ваквата иницијатива, која е спротивна на Уставот на Р.С. Македонија, Законот за работни односи и меѓународните конвенции, ратификувани од страна на нашата држава и врз основа на истите е грубо кршење на правото на синдикално организирање и дејствување и согласно законските прописи претставува кривично дело.

Со преземањето на ваквиот чекор за формирање на синдикални организации на ниво на универзитети, се девалвира постоењето и репрезентативноста на СОНК, кој неодамна, поточно во 2019 година, по пат на законските одредби од ЗРО ја докажа својата репрезентативност. Имено, согласно издаденото Решение од страна на Министерството за труд и социјална политика, СОНК е единствен репрезентативен синдикат и во делот на високото образование во нашата држава и согласно сите прописи, единствен синдикат кој во моментов може да потпишува колективни договори на ниво на работавец и на гранско ниво.

Вредно е да се спомене или поточно потсетиме, дека за зголемување на платите и во високото образование , СОНК подолг временски период , преку КСС, организираше протести во повеќе градови во нашата држава, преговараше со МОН и Владата на Р.С.Македонија и преку социјален дијалог се избори во сите сфери на образованието, зголемување на платите за 10%, почнувајќи со исплата од месец јануари 2020 година.

На крајот на прес-конференцијата, претседателот Неделков упати апел до сите ректори на универзитетите, најитно да воспостават контакт со СОНК, со кој, по пат на социјален дијалог и партнерство, заеднички, со потпишување на колективни договори на ниво на работодавец, ќе може да се надмине моменталниот

проблем.

Решението за репрезентативност може да го најдете тука.